


Уни Банка АД Скопје има потреба од мотивирани кандидати за вработување на следната работна позиција:

# Референт во Дирекција човечки ресурси

*Биди и ти дел од нашиот тим...*

## Квалификации:

- Високо образование;
- Работно искуство на иста или слична позиција од минимум 1 година;
- Одлични комуникациски вештини и меѓучовечки односи;
- Способност за самостојно планирање, организирање и навремено исполнување на задачите;
- Висок личен интегритет и деловна култура;
- Одлично познавање на англиски јазик и
- Одлично познавање на MS Office (Exel,Word,Power Point).

## Работни активности:

- Врши пријава и одјава на вработените со подготовка на целокупна документација согласно Закон за работни односи (Договори за вработување, Одлуки, Решенија, Потврди, Известувања и сл.);
- Водење на персонално досие за секој вработен и софтверска база со податоци на вработените;
- Onboarding на нови вработени;
- Организирање на обуки за вработените - евидентирање, водење на список, извештаи и информирање;
- Учествува во процесот на селекција и регрутација на кандидати за вработување;
- Изготвување на пресметка на плата со прибирање податоци за изработени работни часови на сите вработени;
- Водење, евидентирање и ажурирање на боледувања и сите видови на отсуства на вработените;
- Учествува во програми за мотивација и развој на вработените;
- Евиденција и контрола на работното време на вработените;
- Водење exit интервјуа;
- Спроведување на Законот за безбедност и здравје при работа во работењето на Банката;
- Учествува во изработка на интерни акти – политики, правилници, процедури, упатства, работни инструкции и други акти во делот на работата на Дирекцијата и
- Изготвување на неделни, месечни и годишни извештаи по налог на Директорот на Дирекцијата.

Работното време е 8 часа дневно, односно 40 часа неделно.

Доколку сте комуникативни, одговорни, самоиницијативни и тимски ориентирани со желба за работа во динамична средина насочени кон остварување резултати, придружете се и Вие кон успешниот тим на професионалци!

На нашите вработени им нудиме динамична работа со можност за професионален развој и усовршување, како и одлични услови за работа во средина со амбициозен и професионален тим.

Бенефиции:

- Политика за наградување преку системот на бонуси;
- Обуки за личен и професионален развој;
- Колективно осигурување од незгода, дополнително здравствено осигурување и
- Спортски активности и настани за дружење.

Заинтересираните кандидати кои ги исполнуваат наведените услови, потребно е да испратат кратка биографија на македонски јазик на hr@unibank.com.mk,**најдоцна до 19.12.2024 година.**

*Вашата апликација ќе се третира строго доверливо. Само кандидатите кои ги исполнуваат потребните квалификции и услови ќе бидат повикани на интервју. Процесот на селекција ќе биде финализиран во законски обврзаниот рок во зависност од бројот на апликанти. Со аплицирање за оваа работна позиција, се согласувате Банката да може да ги собира, обработува и чува вашите лични податоци за потребите на процесот на регрутација за цело време додека трае истиот, а по завршувањето на истиот податоците може да се чуваат во базата на податоци на Банката за регрутациски потреби согласно законсите прописи. Согласноста може да ја повлечете во секое време со доставување на барање за истото на следниот линк: zlp@unibank.com.mk